| | |
|---|---|
| **РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА** | **REPUBLIKA E MAQEDONISË SE VERIUT** |
| **УПРАВЕН СУД** | **GJYKATA ADMINISTRATIVE** |
| **СКОПЈЕ** | **SHKUP** |

**СУ-04.бр.0401-9/2024**
**18.01.2024 година**
**Скопје**

Врз основа на член 23 од Законот за работните односи -пречистен текст („Службен весник на Република Македонија" бр.62/05… 111/23), во врска со член 18 став 1 алинеја 2 и став 6 и член 25 од Законот за судска служба („Службен весник на Република Македонија" бр.43/14, 33/15, 98/15, 6/16, 198/18, 248/18 и 235/22) и Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места на Управен суд:

**УПРАВНИОТ СУД**
објавува
**ЈАВЕН ОГЛАС бр.1/2024**
**За вработување на 17 (седумнаесет) судски службеници на определено време, за следните работни места:**

**1. Судски соработник – Категорија В, ниво В3 - 1 (еден) извршител-(определено);**

Посебни услови:
- стекнати најмалку 300 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен Правен факултет со положен правосуден испит со најмалку 1 (една) година работно искуство во струката
- Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски или германски), активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и други посебни работни компетенции утврдени во актот за систаматизација на работните места за соодветното работно место, согласно член 11 од Законот за судска служба („Службен весник на Република Македонија" бр.43/14, 33/15, 98/15, 6/16, 198/18, 248/18 и 235/22).

Нето плата ќе изнесува 36.526,00 денари
Работни часови неделно- 40 часа; Работно време од 07,30 до 15,30; дневна пауза од 11,00 до 11,30 часот, работни денови од понеделник до петок
Времетраење на работниот однос-определено до 31.12.2024 година

**2. Помлад судски соработник – Категорија В, ниво В4 – 4 (четири) извршители-(определено);**

Посебни услови:
- стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен Правен факултет со или без работно искуство во струката
- Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски или германски), активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и други посебни работни компетенции утврдени во актот за систаматизација на работните места за соодветното работно место, согласно член 11 од Законот за судска служба („Службен весник на Република Македонија" бр.43/14, 33/15, 98/15, 6/16, 198/18, 248/18 и 235/22).

Нето плата ќе изнесува 33.036,00 денари
Работни часови неделно- 40 часа; Работно време од 07,30 до 15,30; дневна пауза од 11,00 до 11,30 часот, работни денови од понеделник до петок
Времетраење на работниот однос-определено до 31.12.2024 година

**3. Судски референт (дактилограф) – Категорија Г, ниво Г3 - 6 (шест) извршители-(определено);**

Посебни услови:
- најмалку вишо или средно образование, со најмалку една година работно искуство во струката

- Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски или германски), активно познавање на компјутерски програми за канцelariско работење и други посебни работни компетенции утврдени во актот за систаматизација на работните места за соодветното работно место, согласно член 12 од Законот за судска служба („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/14, 33/15, 98/15, 6/16, 198/18, 248/18 и 235/22).

Нето плата ќе изнесува 24.196,00 денари

Работни часови неделно- 40 часа; Работно време од 07,30 до 15,30; дневна пауза од 11,00 до 11,30 часот, работни денови од понеделник до петок

Времетраење на работниот однос-определено до 31.12.2024 година

**4. Помлад судски референт (извршител во писарница) – Категорија Г, ниво Г4 - 6 (шест) извршители-(определено);**

Посебни услови:

- најмалку вишо или средно образование со или без работно искуство во струката
- Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски или германски), активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и други посебни работни компетенции утврдени во актот за систаматизација на работните места за соодветното работно место, согласно член 12 од Законот за судска служба („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/14, 33/15, 98/15, 6/16, 198/18, 248/18 и 235/22).

Нето платата ќе изнесува 22.625,00 денари

Работни часови неделно- 40 часа; Работно време од 07,30 до 15,30; дневна пауза од 11,00 до 11,30 часот, работни денови од понеделник до петок

Времетраење на работниот однос-определено до 31.12.2024 година

Покрај наведените посебни услови, предвидени во Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Управен суд, заинтересираните кандидати треба да ги исполнуваат и општите услови за вработување, предвидени во член 21 став 1 од Законот за судска служба („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/14, 33/15, 98/15, 6/16, 198/18, 248/18 и 235/22), и тоа:

- Уверение за државјанство (не постаро од 6 месеци)
- Лекарско уверение за општата здравствена состојба (не постаро од 6 месеци)
- Уверение или потврда дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност (не постаро од 6 месеци)
- Диплома, сертификат или уверение како доказ за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење
- Активно да го користи македонскиот јазик
- Да е полнолетен.

Рокот за пријавување на кандидатите е 5 (пет) работни дена, сметано од денот на објавување на огласот. Условите наведени во огласот кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Кандидатите се должни да поднесат пријава за вработување (Образец) како и докази за исполнување на општите и посебните услови во оригинал или копија заверена на нотар, по пошта на адреса ул.Даме Груев бр.6 Скопје (со назнака за Јавен оглас за вработување бр.1/2024) или преку приемното одделение на Судот.

Кандидатите се должни во пријавата задолжително да наведат име и презиме, матичен број, датум и место на раѓање, припадност на заедница, адреса и место на живеење, контакт адреса, електронска адреса, контакт телефон, работното место и бројот на оглас за кои кандидатот се пријавува. Кандидатот кој ќе внесе лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошната постапка. Ненавремени и неуредни молби нема да бидат предмет на разгледување.

Времето и датумот на одржувањето на административната селекција, испитот и интервјуто ќе се објават на интернет страницата на судот.

**Управен суд**